РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
УП1 Бр. 14- 1779
_____________ година
СКОПЈЕ 25 09 2017

УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“-БИТОЛА
Примено: 02.10.2017
Организациона единица | Број | Прилог | Вредност
03 - 1238/1

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/00, 44/02, 82/08 167/10 и 51/11), а во врска со член 104 став 2 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 35/08, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11, 123/12, 15/13, 24/13,41/13, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15 145/16, 154/15, 30/16, 120/16 и 127/16), по Решение за давање генерално овластување број 08-8064/1 од 03.07.2017 година на министерот за образование и наука, државниот секретар во Министерството за образование и наука донесе

## РЕШЕНИЕ

**за почеток со работа на студиската програма од прв циклус тригодишни студии по Медицинско – лабараториски аналитичар на Висока медицинска школа при Универзитет „Св.Климент Охридски“ во Битола**

1. Со ова решение се утврдува дека се исполнети условите за почеток со работа на студиската програма од прв циклус тригодишни студии по Медицинско – лабараториски аналитичар на Висока медицинска школа при Универзитет „Св.Климент Охридски“ во Битола

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување.

## Образложение

Универзитетот „Св.Климент Охридски“ во Битола се обрати со барање бр. 08-1155/2 од 29.08.2017 година до Министерството за образование и наука, под наш УП1 бр. 14-1779 од 01.09.2017 година, за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма од прв циклус тригодишни студии по Медицинско – лабараториски аналитичар на Висока медицинска школа при Универзитетот „Св.Климент Охридски“ во Битола, единица во состав, по добиените Решенија за акредитација бр. 17-307/30 од 22.08.2017 година од страна на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование.

Министерството за образование и наука, со Решение УП1 бр. 14-1779 од 12.09.2017 година формира Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиските програми од прв циклус тригодишни студии наведени во точка 1 на ова решение.

Комисијата на ден 14.09.2017 година, изврши увид и изготви Извештај УП1 бр. 14-1779 од 20.09.2017 година, каде е наведено дека за студиската програма од прв циклус тригодишни студии по Медицинско – лабараториски аналитичар на Висока медицинска школа при Универзитетот „Св.Климент Охридски“ во Битола, се исполнети условите согласно одредбите утврдени со Законот за високото образование и Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 103/10, 168/10 и 10/11).

Имајќи го во предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО**: Против ова решение, може да се заведе управен спор, со поднесување на тужба до Управниот суд на Република Македонија, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

ДРЖАВЕН СЕКРЕТАР
Анета Трпевска

Доставена до:
- Примач
- Архива

изработил: м-р Викторија Динковска
контролирал: Снежана Лузевска
одобрил: д-р Агим Рушити